Бр. 09-982/10

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

24-02-2020 година

Врз основа на член 31 став 4 од Законот за заштита на населението од заразни болести (" Службен весник на Република Македонија " бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 ) и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11) , Министерот за здравство на предлог на Комисијата за заразни болести, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**I**

Се определува здравствен надзор за коронавирус инфекција COVID – 19 над лицата кои доаѓаат од земјите на чија територија е присутен вирусот и е регистриран зголемен број на заболени лица и кои биле во контакт со заболени или инфицирани на предлог на епидемиолошката служна од надлежниот ЈЗУ Центар за јавно здравје .

Здравствениот надзор ќе го врши надлежниот ЈЗУ Центар за јавно здравје на чие подрачје живее, односно престојува лицето кое што е ставено под здравствен надзор.

**II**

Ова решение влегува на сила со денот на негово донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со оглед на моменталната состојба со епидемијата на коронавирус инфекција COVID-19, Министерот за здравство на предлог на Комисијата за заразни болести од состанокот одржан на ден 24.02.2020 година, врз основа на член 31 став 4 од Законот за заштита на населението од заразни болести определи здравствен надзор за коронавирус инфекција COVID-19. Надзорот ќе се врши над лица кои доаѓаат од земјите на чија територија е присутен вирусот и е регистриран зголемен број на заболени лица и кои биле во контакт со инфицирани лица на предлог од надлежниот ЈЗУ Центар за јавно здравје .

Здравствениот надзор ќе го врши надлежниот ЈЗУ Центар за јавно здравје на чие подрачје живее, односно престојува лицето коешто е ставено под здравствен надзор.

**МИНИСТЕР**

**Доц.Д-р Венко Филипче**

Подготвил: прим.д-р Сузана Маневска

Одобрил:државен секретар д-р Владимир Милошев



Министерство за здравство на Република Северна Македонија

Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3112500 www.zdravstvo.gov.mk